# Зелена лична карта на Дендропаркот со примена на современи геоматски техники






**Изработката на планот на дендропаркот се врши во GIS софтвер во компјутерска лабораторија. Собирањето на GPS координатите на секое поединечно дрво и грмушка се врши со користење на GPS уред на терен. Снимање на теренот се врши со беспилотно летало – дрон со кој се добива целосна слика на дендропаркот.**




**Инвентаризација (попис) на дрвните и грмушести видови во дендропаркот на Шумарскиот факултет со детални податоци за нивната локација, карактеристики (вид, научен и народен назив, висина, дијаметар, оштетувања и фотографија).**







Следејќи ги најновите трендови од областа на геоинформатичките системи и современите геоматски техники се јави потребата за изработка на ваков проект, во кој со ангажман на студентите преку работа со најсовремени инструменти и методологии од таа област, ќе се овозможи и запознавање на пошироката јавност со богатството и со карактеристиките на дрвенестите видови кои се наоѓаат во  дендропаркот на Шумарскиот факултет и на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје.





Иновативниот истражувачки процес и резултатите добиени од овој проект се основа за долгорочна употреба од аспект на образованието на студентите од студентскиот кампус во општината. Освен тоа, резултатот од проектот овозможува подигнување на свеста кај населението за урбаното зеленило и неговото еколошко позитивно влијание врз животната средина.

## Изработено од

## Проектот е финансиран од општина Гази Баба